ОПШТИНА ДОЛНЕНИ
KOMUNA DOLLNEN

Долнени
Dollnen

Бр./Nr. 09-1819/2
22.12 20 25 год./vit

Врз основа на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2025 година, усвоен од Владата на Република Северна Македонија, за 6. Програма за работно ангажирање- Јавни работи, финасирана од Буџетот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија а во врска со Јавниот повик/Известување до Единиците на локалната самоуправа и градот Скопје, со бр.03-1271/1 од 20.11.2025 година. Градоначланикот на општина Долнени на ден 22 .12.2025 година објавува:

**Ј А В Е Н   П О В И К**

**до**

**евидентирани невработени лица со ниски квалификации**

Се повикуваат сите евидентираните невработени лица со ниски квалификации кои се заинтересирани да се вклучат во проект "Јавни работи" за работно ангажирање во Општина Долнени , за работно ангажирање во еден циклус во времетраење од 30 дена, по четири часа дневно.

статусот на невработените лица останува непроменет, а на невработените лица- корисници на паричен надоместок и на корисници на право на Гарантирана минимална помош за времетраење на работно ангажирање ќе им биде активно претходно остварено право.

Право на учество во Проектот „Јавни работи" имаат сите невработени лица со ниски квалификицаии, при што предност ќе имаат лицата кои за прв пат се јавуваат за учество во Проектот.

За кандидатите кои ќе бидат избрани и вклучени во Проектот "Јавни работи" се предвидува паричен надоместок во висина од 800 денари бруто износ по работно ангажирано лице, дневно, со вклучени данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест.

Заинтресираните невработени лица пријава за учество во проектот "Јавни работи" можат да поднесат во Агенција за вработување- Центар за вработување Прилеп во периодот од 22.12.2025 година до 24.12.2025 година, од 08:00 до 14:00 часот.

Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на Договор помеѓу општина Долнени и избраните кандидати.

ГРАДОНАЧАЛНИК

Блерим Исљами